**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
Бул. Гоце Делчев 9а. 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 03-464/4
19 -03- 2020
Скопје

Врз основа на член 85 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во согласност со Заклучоците од 15-седница на Владата на Република Северна Македонија Деканатската управа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за изведување на наставнообразованиот процес и другите активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со примена на средства за електронска комуникација

**Член 1**

Во согласност со мерки на надлежните органи во Република Северна Македонија, за воведување на вонредна и кризна состојба, како и други мерки за заштита на населението од ширење на болеста CoVid-19 реализација на наставнообразовниот процес, односно наставата и другите активности кои ја сочинуваат наставата продолжуваат да се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација.

Во зависност од содржината, структурата и природата на наставата наставникот одлучува кои средства за електронска комуникација ќе ги користи за одвивање на наставата. На студентите да им се испрати информација по е-пошта од страна на предметните професори за начинот на изведување на наставата.

Наставата со примена на средства за електронска комуникација ќе започне од 20.3.2020, а распоредот и времето во кое ќе се реализира наставата по одделни предмети ќе биде идентичен со веќе изготвениот распоред за одржување на настава по предметите на прв, втор и трет циклус студии во летниот семестар во учебната 2019/2020 година.

**Член 2**

Сите планирани конференции, семинари и собири се одлагаат.

**Член 3**

Работата на Стручната служба ќе се одвива со дежурства.

Комуникацијата да се одвива по електронски пат на електронските адреси на содветното одделение кои се објавени на веб страницата на Факултетот.

**Член 4**

Оваа Одлука се применува додека траат мерките.

Во случај на воведување построги мерки, ќе се применуваат построгите мерки.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет
проф. д-р Анета Дучевска